**ПОПОСКА Весна**[1]
**ТАНЕСКИ Ненад**[2]

**УДК: 355.02(4-672ЕУ)**

# ЕВРОПСКАТА УНИЈА КАКО ГЕОПОЛИТИЧКИ АКТЕР – ОД „ PAX EUROPAEA “ ДО „ТВРДИНА ЕВРОПА“

**Апстракт**

Безбедносниот поредок кој ја поддржуваше европската стабилност по Студената војна е сè повеќе нарушен од враќањето на геополитичката конкуренција, ерозијата на мултилатерализмот и нестабилноста на трансатлантските односи. Во ваков контекст, Европската Унија (ЕУ) се позиционира како сè поавтономен безбедносен и одбранбен актер. Овој труд ја анализира еволуцијата на ЕУ од традиционален мировен проект кон потенцијален одбранбен сојуз, преку развојот на институционални, оперативни и стратешки капацитети. Истражувањето ги разгледува клучните иницијативи, како што се Стратешкиот компас, Постојаната структурирана соработка (PESCO) и Европскиот фонд за одбрана, како и предизвиците поврзани со внатрешната кохезија и односите со НАТО. И покрај постојните ограничувања, трудот заклучува дека ЕУ прави значаен напредок кон оформување на сопствена безбедносна и одбранбена идентитетска улога во новата геополитичка реалност.

***Клучни зборови:*** *интеграција, институции, геополитика, политики, трошења.*

**POPOSKA Vesna**[3]
**TANESKI Nenad**[4]

# EUROPEAN UNION AS A GEOPOLITICAL ACTER-FROM “PAX PAX EUROPAEA” TO “FORTRESS EUROPE”

**Abstract:** The security order that supported European stability after the Cold War is increasingly undermined by the return of geopolitical competition, the erosion of multilateralism, and the instability of transatlantic relations. In this context, the European Union (EU) is positioning itself as an increasingly autonomous security and defense actor. This paper analyzes the evolution of the EU from a traditional peace project to a potential defense union, through the development of institutional, operational, and strategic capacities. The research examines key initiatives such as the Strategic Compass, Permanent Structured Cooperation (PESCO), and the European Defence Fund, as well as the challenges related to internal cohesion and relations with NATO. Despite existing limitations, the paper concludes that the EU is making significant progress toward shaping its own security and defense identity in the new geopolitical reality.

***Keywords:*** *integration, institutions, geopolitics, policy, spendings.*

## Вовед

Безбедносниот поредок по Студената војна, кој некогаш ја поткрепуваше европската стабилност, е сè повеќе под притисок. Враќањето на конкуренцијата меѓу големите сили, ерозијата на мултилатералните норми и нестабилноста на трансатлантските односи ги открија ограничувањата на потпирањето на Европа на надворешни безбедносни гаранции. Во овој контекст, Европската Унија (ЕУ) се истакнува како одбранбен актер – не за да го замени НАТО, туку да го надополни и зајакне преку поавтономна и стратешки кохерентна позиција. ЕУ е во процес на значајна трансформација во својот пристап кон безбедноста и одбраната. Традиционално перципирана како цивилна сила, ЕУ сега активно ги развива

[1] Вонреден проф. д-р; Воена Академија 'Генерал Михаило Апостолски', придружна членка при Универзитет 'Гоце Делчев' – Штип; vesna.poposka@ugd.edu.mk
[2] Редовен проф. д-р; Воена Академија 'Генерал Михаило Апостолски', придружна членка при Универзитет 'Гоце Делчев' – Штип; nenad.taneski@ugd.edu.mk
[3] Assoc.prof., PhD; Military Academy “General M. Apostolski“- Skopje, Associate member of Goce Delcev University – Stip; vesna.poposka@ugd.edu.mk
[4] Prof.Col., PhD; Military Academy “General M. Apostolski“- Skopje, Associate member of Goce Delcev University – Stip; nenad.taneski@ugd.edu.mk

институционалните, оперативните и стратешките капацитети потребни за да функционира како кредибилен одбранбен актер во поширока евроатлантска безбедносна архитектура. И покрај бројните предизвици и дивергентни сили во развојот на ЕУ како одбранбена заедница, напредокот и адаптацијата кон современата геополитичка реалност се неоспорливи. Неколку конвергентни фактори го катализираа поместувањето на ЕУ кон поасертивна одбранбена улога, вклучително и општата геополитичка нестабилност во соседството на ЕУ, од руската агресија во Украина до нестабилност во Сахел и Источниот Медитеран. Трансатлантска неизвесност, особено во периоди на намалување на американската моќ водеше стратешка незивесност. Технолошките нарушувања, вознемирувачките технологии и се поголемата зависност од дигитални услуги водеа кон потребата од обезбедување критичната инфраструктура, синџирите на снабдување и градење на дигитален суверенитет. Ваквата состојба, иако провоцираше различни дивергентни струи, влијаеше позитивно на се заложбите за стратешка автономија и одбранбена интеграција. Овие динамики ја преформулираа одбраната не само како национален прерогатив, туку и како колективна европска одговорност.

**Методологија**

Овој труд користи квалитативна методологија базирана на анализа на примарни и секундарни извори, вклучувајќи официјални документи на ЕУ, стратешки извештаи, академска литература и релевантни политички изјави. Истражувањето се заснова на квалитативна методологија која комбинира историска анализа, политичка, нормативна и институционална анализа. Применети се методи на анализа, синтеза и дедукција за да се идентификуваат трендовите и логиката на развојот на ЕУ како безбедносен актер. Истражувањето предоминантно се базира на примарни извори (стратешки документи, буџетски извештаи, официјални комуникации на ЕУ). Посебен акцент е ставен на анализа на де факто алоцираните средства за одбранбени иницијативи и нивната импликација врз капацитетите на ЕУ. Исто така, се разгледуваат дивергентните фактори меѓу земјите членки кои влијаат врз процесот на интеграција и ефективноста на заедничките политики.

**Дискусија**

**Историски развој**

По ужасите на двете светски војни, Европа се соочи со потребата од радикална трансформација на меѓудржавните односи. Одговорот на оваа потреба беше создавањето на Европската Унија (ЕУ), која од своето основање се позиционира како мировен проект, со цел да се спречи повторување на конфликтите и да се обезбеди траен мир на континентот. Овој процес често се нарекува *Pax Europaea*, по аналогија со *Pax Romana* – периодот на мир во Римското Царство.

Идејата за обединета Европа се роди од визијата на лидери како Роберт Шуман и Жан Моне, кои веруваа дека економската интеграција ќе создаде меѓузависност меѓу државите, правејќи ја војната не само незамислива, туку и невозможна. Создавањето на Европската заедница за јаглен и челик во 1951 година беше првиот чекор кон оваа цел, обединувајќи ги клучните индустрии на Франција и Германија (EU,2024). По Втората светска војна, Европа беше поделена меѓу Истокот и Западот, а Студената војна и заканата од Советскиот Сојуз ја поттикнаа потребата за заедничка одбрана. Истовремено, прашањето за ремилитаризација на Западна Германија беше чувствително, особено за Франција. Со цел да се интегрира германската воена моќ во западниот одбранбен систем, без да се создаде независна германска армија, Франција предложи создавање на Европска одбранбена заедница. Европската одбранбена заедница (ЕОЗ) беше амбициозен проект од почетокот на 1950-тите, чија цел беше да се создаде наднационална европска армија, како дел од пошироката визија за политичка и безбедносна интеграција на Западна Европа по Втората светска војна. Договорот за ЕОЗ (1952) беше потпишан во Париз од страна на Франција, Западна Германија, Италија, Белгија, Холандија и Луксембург, со цел создавање на заедничка европска армија под наднационална команда, со заеднички министер за одбрана и буџет и предвидуваше Совет на министри, Комесаријат за одбрана и Заедничко собрание. Иако договорот беше потпишан, Францускиот парламент го одби неговото ратификување во 1954 година, поради страв од губење на националниот суверенитет, внатрешни политички поделби во Франција и недоверба кон германската ремилитаризација. Пропаѓањето

на ЕОЗ го забави процесот на политичка интеграција. Наместо тоа, Западна Германија беше примена во НАТО во 1955 година. Идејата за заедничка одбрана беше пренасочена кон економска интеграција, што доведе до создавање на Европската економска заедница (ЕЕЗ) во 1957 година. Иако никогаш не стапи во сила, Договорот за ЕОЗ е важен бидејќи претставува прв обид за наднационална одбранбена интеграција (CVCE, 2016).

**Воспоставување на Заедничка надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)**

Историскиот развој на Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Европската Унија претставува еволуција од неформална политичка соработка кон институционализирана и стратешка компонента на надворешното дејствување на ЕУ. Во 1970-тите години, земјите членки на тогашната Европска економска заедница започнаа со Европска политичка соработка – неформален механизам за координација на надворешната политика. Ова беше одговор на потребата за заеднички ставови во меѓународните односи, но без правно обврзувачки механизми. Со договорот од Мастрихт, се воспоставија трите столба на ЕУ во 1993та, каде што ЗНБП станува втор столб – меѓувладина компонента, одвоена од наднационалните институции. Со договорите од Ница и Амстердам се воведе високиот претставник за надворешна и безбедносна политика и политички и безбедносен комитет. Лисабонскиот договор ја зајакнува ЗБОП и воведува клаузула за солидарност (чл. 222),клаузула за заемна одбрана (чл. 42.7), и постојана структурирана соработка (PESCO) – механизам за група земји да соработуваат подлабоко во одбранбени проекти. Со договорот од Лисабон се создава и Европска служба за надворешни работи, се зајакнува улогата на Високиот претставник, кој сега е и потпретседател на Европската комисија и се воведува клаузула за заемна одбрана (член 42.7 од Договорот за ЕУ). Између, имаше неколку клучни датуми: во 2004та кога беше основана Европската агенција за одбрана, па во 2017та кога беше лансиран инструментот PESCO- Постојана структурирана соработка, по што во 2021 беше воспоставен Европскиот мировен инструмент (European Peace Facility) и во 2022 беше усвоен Стратешкиот компас. Оваа временска линија ги прикажува најзначајните чекори кон зајакнување на стратешката автономија и безбедносната интеграција на ЕУ.

**Од Заедничка надворешна и безбедносна политика (ЗНБП/CFSP) до Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП/CSDP)**

По завршувањето на Студената војна, Европската Унија (ЕУ) започна процес на трансформација од економска заедница кон геополитички актер. Во тој контекст, Заедничката надворешна и безбедносна политика (CFSP) се појави како инструмент за координирање на надворешните политики на земјите членки во средината на деведесеттите. Со текот на времето, потребата за поголема стратешка автономија и способност за дејствување доведе до еволуција на Заедничката надворешна и безбедносна политика во Заедничка безбедносна и одбранбена политика – потполе кое ја конкретизира одбранбената димензија на ЕУ, етаблирана со лисабонскиот договор (EU,2007). Денес, заедничката безбедносна и одбранбена политика (Common Security and Defence Policy-CSDP) и овозможува на Унијата да преземе водечка улога во мировните операции, спречувањето конфликти и зајакнувањето на меѓународната безбедност. Тоа е составен дел од сеопфатниот пристап на ЕУ за управување со кризи, кој се потпира на цивилни и воени средства. Заедничката безбедносна и одбранбена политика е клучна компонента на поширокатa Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ, која се реализира прелу бројни институции и инструменти, вклучени во формулирањето и спроведувањето на активностите поврзани со безбедноста и одбраната. Од Европската одбранбена агенција која го координира развојот на одбранбени капацитети и проекти, преку Европска служба за надворешни работи – која ја води надворешна политика и управува со европскиот мировен фонд, до советот на ЕУ, Европската комисија и парламентот кои имаат различни улоги и надлежности, и исклучително зголемени вложувања во безбедноста и одбраната, од руската инвазија врз Украина до денес, како најочигледен индикатор за посветеноста на Унијата во сегмент кој традиционално беше перцепиран од земјите членки како исклучително суверен. Преминот од Заедничка надворешна и безбедносна политика (CFSP) кон

Заедничка безбедносна и одбранбена политика (CSDP) не претставува само институционална еволуција, туку суштинска трансформација на геополитичката амбиција на Европската Унија. Овој процес ја одразува постепената, но решителна транзиција на ЕУ од економски сојуз кон стратешки актер со глобален опсег и одговорност.

CSDP ја надминува декларативната природа на CFSP преку конкретни механизми за кризно управување, цивилна стабилизација и воена интервенција, што ѝ овозможува на Унијата да дејствува во ситуации каде што нејзините интереси и вредности се загрозени. Таа претставува инструмент на европскиот суверенитет, особено во време на мултиполарен светски поредок, каде што традиционалните безбедносни гаранции (како НАТО) се соочуваат со нови предизвици и ограничувања. Во крајна линија, CSDP не е само политика – таа е визија за Европа како субјект на меѓународната сцена, способна да ги брани своите интереси, да промовира стабилност и да дејствува во согласност со своите вредности. Нејзиниот развој е тест за зрелоста на Европската Унија како политичка заедница и за нејзината способност да се адаптира на динамичната и често непредвидлива природа на глобалната безбедност.

**Преглед на клучни одбранбени институции и инструменти во ЕУ**

Одбранбената политика на Европската Унија се развиваше постепено, како одговор на потребата за заеднички пристап кон безбедносните предизвици. Во институционалниот развој, клучна улога има Европската одбранбена агенција (EDA), основана во 2004 година, која го координира развојот на одбранбените способности и поттикнува иновации во одбранбената индустрија. Рамката „Берлин плус“ претставува договорен механизам меѓу НАТО и Европската Унија, потпишан на 16 декември 2002 година, кој овозможува на ЕУ да користи одредени воени капацитети на НАТО за спроведување на свои мисии за управување со кризи, особено кога НАТО не е директно ангажиран (EU&NATO,2003). Координираниот годишен преглед на одбраната (CARD) беше воспоставен во 2017 година како дел од имплементацијата на Глобалната стратегија на ЕУ за надворешна и безбедносна политика. Годишен механизам за проценка на капацитетите и потребите на земјите членки. Идентификува критични празнини во капацитетите и предлага заеднички развој. Се координира со Capability Development Plan (CDP) и НАТО иницијативите (EDA,2004).

Руската инвазија врз Украина беше катализатор на одбранбената интеграција. **„Стратешкиот компас“ е** првиот сеопфатен стратешки документ на Европската Унија кој има за цел да ја унапреди Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) до 2030 година, вклучувајќи ЕУ сили за брза реакција ( European External Action Service, 2022). Усвоен во март 2022 година, само еден месец по почетокот на руската инвазија врз Украина, документот претставува одговор на драматичните промени во европското безбедносно опкружување. Неговата цел е да ја направи ЕУ „посилна, поодлучна и поавтономна“ во справувањето со кризи, заштитата на граѓаните и одбраната на нејзините интереси и вредности. Стратешкиот компас е структуриран околу четири столба:

1. Act (Дејствувај) – Подобрување на способноста на ЕУ за брза и ефикасна реакција на кризи. Вклучува формирање на ЕУ сили за брза реакција од 5 000 војници до 2025 година.
2. Secure (Обезбеди) – Заштита од хибридни, сајбер и терористички закани, како и од дезинформации. Се предвидува развој на ЕУ сајбер одбранбена политика.
3. Invest (Инвестирај) – Зголемување на инвестициите во одбранбени способности и иновации, преку заеднички проекти и фондови.
4. Partner (Партнерство) – Продлабочување на соработката со НАТО, ОН и регионални партнери, особено во Африка и Индо-Пацификот

Иако документот ја нагласува потребата од стратешка автономија, тој истовремено ја потврдува комплементарноста со НАТО, која останува „темел на колективната одбрана“ за земјите членки. Ова ја одразува реалистичната проценка дека ЕУ не може (и не сака) да ја замени Алијансата, туку да ја надополни. Стратешкиот компас ја признава руската агресија врз Украина како „тектонска промена“ во европската безбедносна архитектура. Тоа ја поттикна ЕУ да преземе безбедносни улоги кои претходно беа незамисливи – како финансирање на воена помош преку Европскиот мировен инструмент (EPF) и обука на украински војници. Дополнително,

документот ја идентификува Кина како стратешки предизвик, особено во контекст на технолошка зависност и влијание во Индо-Пацификот.

**Европскиот мировен инструмент** (European Peace Facility-EPF) е создаден со одлука на Советот на ЕУ во 2021 година како off budget механизам, што значи дека не е дел од редовниот буџет на ЕУ и не подлежи на контрола од Европскиот парламент (Council of the EU, 2025). Ова му овозможува поголема флексибилност и брзина во одлучувањето, особено во контексти каде што е потребна итна воена или безбедносна интервенција. EPF е управуван од Комитетот за политика и безбедност (PSC), кој ги претставува земјите членки и има клучна улога во одобрување на мисии и мерки. Техничката и административната поддршка ја обезбедува Европската служба за надворешни работи (EEAS), во соработка со Европскиот одбранбен персонал (MPCC) и Финансиската единица на Советот. Овој механизам функционира преку два столба: оперативен столб и мерки за помош. Оперативниот столб е насочен кон финансирање на заедничките трошоци на воените мисии и операции на ЕУ, кои се дел од Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) EU (2025).Тој функционира според принципот на „Athena mechanism“, кој претходно се користеше за слични цели. Овој столб е критичен за оперативната способност на ЕУ, бидејќи овозможува брза мобилизација и логистичка поддршка без потреба од долги преговори за секој поединечен трошок. Клучните функции кои ги обезбедува се поврзани со транспорт и логистика, финансирање на мобилноста на трупите и опремата, инфраструктура на терен, воспоставување на командни структури, безбедност и заштита и обука и поддршка. Мерките за помош пак вклучуваат обезбедување на воена опрема (вклучително и смртоносна), обука на вооружени сили и изградба на инфраструктура. Овие мерки се одобруваат со едногласна одлука на Советот, а нивната имплементација се врши во координација со локалните власти и меѓународни партнери. Пример за ваква поддршка е обемната воена помош за Украина, која вклучува артилерија, муниција и обука на војници. Иако САД се водечки поединечен донатор на воена помош, Европа како целина (вклучувајќи ЕУ и нејзините членки) има обезбедено речиси еднаков или поголем вкупен придонес, особено кога се вклучат и финансиските и хуманитарните компоненти. Преку EPF, ЕУ за првпат директно финансира испорака на оружје, што претставува историски пресврт во нејзината безбедносна политика. Според Европската служба за надворешни работи (EEAS), до мај 2025 година, преку EPF се доделени 3.5 милијарди долари само во 2025, со вкупен придонес од над 10 милијарди евра од 2022 година наваму, додека по билатерална основа земји членки на ЕУ имаат алоцирано уште 52 милијарди евра (European External Action Service, 2025).

**Европската агенција за одбрана** (European Defence Agency – EDA) е клучна институција во рамките на Европската Унија, основана во 2004 година, со цел да ја унапреди одбранбената соработка и развојот на заеднички капацитети меѓу земјите членки. Нејзината улога постојано се проширува, особено во контекст на зголемените геополитички предизвици и стремежот на ЕУ кон стратешка автономија. EDA беше основана со цел да се надмине фрагментираноста на европските одбранбени системи. Во почетокот, нејзиниот фокус беше на координација на истражувања и развој, како и на хармонизација на барањата за одбранбена опрема. Со појавата на PESCO (Постојана структурирана соработка) и Европскиот одбранбен фонд (EDF), EDA доби проширена улога како технички и административен координатор. Таа стана клучен играч во Координираниот годишен преглед за одбрана (CARD), кој ги идентификува празнините и можностите за заеднички развој на капацитети. Во 2024 година, преку Долгорочната ревизија, EDA доби засилен мандат за поддршка на иновации во одбраната (вклучително и развој на капацитети за заштита од вознемирувачки технологии, вештачка интелигенција, сајбер безбедност, вселенски технологии),интеграција на индустриски актери и стартапи во одбранбениот екосистем, и генерално поголема улога во воената мобилност и логистика (EDA,2025). EDA има административни договори со неколку земји надвор од ЕУ (Норвешка, Швајцарија, Србија, Украина) и специјален договор со Министерството за одбрана на САД, што овозможува размена на информации и заеднички проекти во одредени области.

EDA е стратешки инструмент на ЕУ за градење на заеднички одбранбени капацитети, зголемување на интероперабилноста и поттикнување на иновации. Нејзината улога е клучна за

реализација на визијата за стратешка автономија на ЕУ, особено во време на глобални безбедносни предизвици и трансформација на трансатлантските односи.

**Постојната структурна соработка (PESCO) како стратешка алатка за зајакнување на европската одбранбена автономија**

Во контекст на зголемените геополитички тензии, фрагментираниот европски одбранбен пејзаж и потребата за стратешка автономија, Европската Унија ја воспостави Постојаната структурирана соработка (PESCO) во 2017 година. Оваа иницијатива претставува институционализиран механизам за продлабочување на одбранбената интеграција меѓу земјите членки, со цел да се надмине историската зависност од НАТО и да се создаде кохерентна, оперативно способна и технолошки напредна европска одбранбена архитектура. PESCO е првиот правно обврзувачки инструмент во рамките на Заедничката безбедносна и одбранбена политика (CSDP) кој ги обврзува учесничките држави да ги унапредат своите одбранбени капацитети преку заеднички проекти, инвестиции и стратешко планирање. PESCO функционира како мост помеѓу националните одбранбени политики и заедничките европски цели. PESCO е тесно поврзан со CARD (Координиран годишен преглед на одбраната) и CDP (План за развој на капацитети), што овозможува синхронизирано идентификување на приоритети и празнини во капацитетите.

**Одбранбен Омнибус на готовност (Defence Readiness Omnibus- DRO)**

„Defence Readiness Omnibus“ е одговор на драматично влошената безбедносна средина во Европа и пошироко. Документот отворено признава дека високоинтензивен вооружен конфликт се вратил на европско тло, а поствоениот меѓународен поредок е сериозно разнишан (EC,2025). Главната закана е идентификувана како Русија. Omnibus пакетот е повеќеслоен и вклучува мерки за олеснување на јавни набавки, трансфери на одбранбени производи и изградба на инфраструктура, финансиска рамка до 800 милијарди евра за инвестиции во одбраната до 2030 година (France 24,2025) реформи на Европскиот одбранбен фонд (EDF) за побрзо и поефикасно финансирање, но и промени во еколошкото и хемиското законодавство за да се овозможат исклучоци во име на „превладувачки јавен интерес“ – што е индикатор за приоритетот на одбраната над другите политики. Овие мерки имаат за цел да ја зголемат индустриската автономија на ЕУ, да го намалат времето за реакција и да ја зајакнат интероперабилноста меѓу земјите членки. Оваа иницијатива претставува јасен сигнал за геополитичко будење на ЕУ. Таа ја позиционира Унијата како активен безбедносен актер, а не само како економска сила. Со тоа, ЕУ се доближува до концептот на „стратешка автономија“, но и ја зајакнува својата улога во рамките на НАТО.

**Улога на наменска индустрија и зголемени трошоци во одбраната**

Во годишниот координиран преглед (CARD) на Европската одбранбена агенција (EDA) за 2023-2024 година, се проценува дека европските членки на НАТО ќе инвестираат годишно 72 милијарди евра во вооружување во наредните години (EDA,2024). Во овој извештај, EDA наведува дека одбранбените инвестиции на земјите членки на ЕУ (вклучувајќи ги и оние што се членки на НАТО) достигнале рекордни 72 милијарди евра во 2023 година. Дополнително, извештајот предвидува дека трендот на зголемување на одбранбените инвестиции ќе продолжи и во 2024 година, при што се очекуваат инвестициите да надминат 100 милијарди евра, а набавката на одбранбена опрема би можела да достигне и над 90 милијарди евра. Земјите како Полска и Романија инвестираат во масовно производство на воени дронови, што покажува тренд кон модернизација и автономија во производството.

Ова значи дека наменската (одбранбена) индустрија во Европа игра сè поважна улога, особено по променетата геополитичка ситуација. ЕУ препознава дека силна и кохерентна одбранбена индустриска база е клучен предуслов за нејзината безбедност, стратешка автономија и кредибилно одвраќање. Развојот на европската наменска индустрија е во фокусот на ЕУ веќе неколку години, но значително се забрза по руската инвазија врз Украина. Европски одбранбен фонд (European Defence Fund - EDF) беше лансиран во 2021 година со буџет од 8 милијарди евра

за периодот 2021-2027 година и финансира заеднички истражувачки и развојни проекти во одбраната (EC,2025).

Европската одбранбена индустриска стратегија (EDIS)беше претставена во март 2024 година со цел да ја зајакне одбранбената индустрија на ЕУ преку зголемување на производствените капацитети, особено за муниција и ракети, подобрување на пристапот до финансирање за одбранбени компании, зајакнување на отпорноста на синџирите на снабдување, промовирање на заеднички набавки и развој на способности, поддршка на иновациите и истражувањето и развојот и нови финансиски инструменти (EC,2024).

Европската програма за одбранбена индустрија (European Defence Industry Programme - EDIP)донесе предлог за нова регулатива (2025-2027) со буџет од 1,5 милијарди евра, која ќе ги имплементира конкретните мерки од европската програма за одбранбрена индустрија и ќе ја зајакне конкурентноста на европската одбранбена технолошка и индустриска база (EC,2025).

**Дивергенти сили и различни ставови кон иднината на европската одбрана**

Иако сите 27 земји членки на ЕУ формално учествуваат во Заедничката безбедносна и одбранбена политика, некои членки се повоздржани или скептични кон подлабока интеграција во одбранбениот сектор. Тоа се должи на низа фактори: од внатрешни национални ставови, поделби и поларизација, до реални можности и историски стекнати искуства и традиции. Од друга страна, геополитичкиот вртлог околу Украина генерираше и потреба од интензивирање на соработката во делот на одбраната, па така Данска која традиционално беше поинертна кон одбранбени иницијативи во 2022 година одржа референдум и се придружи во ЗНБ на ЕУ (МОК Данска,2025). Шведска и Финска пред влезот во НАТО по инвазијата, исто така беа неутрални во однос на одбранбената интеграција. Австрија, Ирска и Малта се исто така традиционално неутрални и се воздржуваат од учество во воени мисии и операции, а од друга страна, одлуките поврзани со одбранбените и безбедносните прашања генерално се донесуваат со консензус (Lynes,2024). Подемот на радикалната десница во Европа исто така силно влијае на поларизирањето по определени прашања, како што е менаџирањето на мигрантската криза. Унгарија се позиционира веќе извесно време како лидер на суверенистичката десница, а со последните национални изборни циклуси и избори за европскиот парламент, овие наративи се зајакнати, заедно со порастот на евроскептицизмот во регионот на западен Балкан. Ваквите состојби несомнено водат до фрагментација на политичкиот консензус, отежнатоноење на заеднички одлуки и зголемена поларизација во европската политика, што влијае негативно и на одбранбените интергациски напори.

**Заклучок**

ЕОЗ (1952) беше првиот обид за создавање на наднационална европска одбрана, но пропадна поради политички отпор, особено во Франција. Иако не беше реализирана, ЕОЗ ја постави основата за идејата дека одбраната може да биде заедничка европска цел. По неуспехот на ЕОЗ, фокусот се пренасочи кон економска интеграција, но идејата за заедничка безбедност остана жива. Иако ЕОЗ никогаш не беше реализирана, таа претставува историски темел на денешната ЗНБП. ЕОЗ предвидуваше единствена европска армија под заедничка команда, што беше радикален концепт за времето во кое беше лансирана, но и денес е (не)извесна реалност. ЗНБП, воспоставена со Мастришкиот договор, е меѓувладина рамка, каде земјите членки соработуваат, но го задржуваат суверенитетот. Иако ЗНБП не создаде заедничка армија, таа овозможи приближување. Воената поддршка за Украина, особено преку Европскиот мировен инструмент (EPF), означува историски пресврт во надворешната политика на ЕУ. За првпат, Унијата директно финансира испорака на оружје во активен конфликт, што ја позиционира како активен безбедносен субјект, а не само како економска и нормативна сила( Максимовиќ, 2022). Воената поддршка за Украина не само што ја трансформира ЕУ во реален геополитички актер, туку и ја редефинира трансатлантската рамнотежа. Ерата на Трамп послужи како аларм за ЕУ да ја преиспита својата зависност од САД и да инвестира во сопствени капацитети за одбрана и влијание. Војната во Украина го забрза овој процес, а иднината на трансатлантските односи ќе зависи од тоа дали ЕУ ќе успее да ја консолидира својата нова улога.

Во секој случај, неоспорно е дека Унијата се наоѓа на пресвртна точка во својата геополитичка еволуција. Од своите почетоци како мировен проект заснован на економска интеграција и наднационална соработка – симболизирана со концептот *Pax Europaea*– ЕУ постепено се трансформира во актер кој настојува да ја заштити својата внатрешна стабилност и надворешна безбедност. Оваа трансформација, особено изразена преку иницијативи како Стратешкиот компас, PESCO и Европскиот фонд за одбрана, ја одразува потребата за поголема стратешка автономија и отпорност во услови на глобална нестабилност. Сепак, преминот кон „Тврдина Европа" не е без контроверзии. Тој ја отвора дебатата за балансот меѓу отвореност и заштита, меѓу солидарност и суверенитет, како и за иднината на мултилатерализмот. Иако ЕУ сè уште не е класичен геополитички актер во смисла на традиционалните сили, нејзината способност да дејствува како кохерентен и кредибилен безбедносен субјект е во пораст. ЕУ, и покрај внатрешните разлики и надворешните предизвици, се движи кон оформување на сопствена геополитичка улога, која ќе биде клучна за иднината на европската и глобалната безбедност. Иако „Тврдината Европа" сè уште е далеку од целосно изградена, таа се гради секојдневно каменче по каменче, вплетувајќи ја во себе визијата на генерациите кои ја создадоа обединетата Европа, надминувајќи ги ограничувањата на времето во кое беше замислена.

**Користена литература**

1. Council of the European Union(2025) European Peace Facility, достапно на https://www.consilium.europa.eu/en/policies/european-peace-facility/.
2. CVCE (2016) "Historical Events in the European Integration Process (1945–2009)." CVCE.eu, достапно на https://www.cvce.eu/en/education/unit-content/-/unit/1c8aa583-8ec5-41c4-9ad8-73674ea7f4a7/bd191c42-0f53-4ec0-a60a-c53c72c747c2.
3. EU (2025) European Peace Facility – For Ukraine, but not only, достапен на https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2025/772833/EPRS_BRI(2025)772833_EN.pdf
4. European Commission (2024) EDIS: Our Common Defence Industrial Strategy. Brussels: Directorate-General for Defence Industry and Space, достапно на https://defence-industry-space.ec.europa.eu/eu-defence-industry/edis-our-common-defence-industrial-strategy_en
5. European Commission (2025) EDIP: A Dedicated Programme for Defence. Brussels: Directorate-General for Defence Industry and Space, достапно на https://defence-industry-space.ec.europa.eu/eu-defence-industry/edip-dedicated-programme-defence_en
6. European Commission(2025) Defence Readiness Omnibus. Brussels: Directorate-General for Defence Industry and Space, достапно на https://defence-industry-space.ec.europa.eu/eu-defence-industry/defence-readiness-omnibus_en.
7. European Commission(2025) European Defence Fund (EDF) – Official Webpage of the European Commission. Brussels: Directorate-General for Defence Industry and Space достапно на https://defence-industry-space.ec.europa.eu/eu-defence-industry/european-defence-fund-edf-official-webpage-european-commission_en.
8. European Defence Agency (2004) Coordinated Annual Review on Defence (CARD) достапно на https://eda.europa.eu/what-we-do/EU-defence-initiatives/coordinated-annual-review-on-defence-%28card%29.
9. European Defence Agency (2025). Brussels: European Union, достапно на https://european-union.europa.eu/institutions-law-budget/institutions-and-bodies/search-all-eu-institutions-and-bodies/european-defence-agency-eda_en.
10. European Defence Agency (2025)Annual Report 2024. Brussels: EDA, April 2025. Достапно на https://eda.europa.eu/docs/default-source/brochures/eda-annual-report-2024.pdf.
11. European Defence Agency(2024) Annual Report 2024 достапно на https://eda.europa.eu/docs/default-source/brochures/eda---annual-report-2024---webdfcdc23fa4d264cfa776ff000087ef0f.pdf 1.
12. European External Action Service(2022) A Strategic Compass for Security and Defence. Brussels: EEAS, 2022 достапно на https://www.eeas.europa.eu/eeas/strategic-compass-security-and-defence-1_en.

13. European External Action Service(2025) EU Assistance to Ukraine (in U.S. Dollars). Washington, D.C.: Delegation of the European Union to the United States, последно ажурирано May 5, 2025. Достапно на https://www.eeas.europa.eu/delegations/united-states-america/eu-assistance-ukraine-us-dollars_en?s=253.

14. European Union (2007) Treaty of Lisbon Amending the Treaty on European Union and the Treaty Establishing the European Community. Signed December 13, 2007. Official Journal of the European Union, C 306, December 17, 2007, достапно на https://eur-lex.europa.eu/eli/treaty/lis/sign/eng.

15. European Union (2024) "History of the EU." European Union, последно ажурирано 2024, достапно на https://european-union.europa.eu/principles-countries-history/history-eu_en.

16. European Union and NATO. Berlin Plus Agreement(2003) Достапно на https://www.europarl.europa.eu/meetdocs/2004_2009/documents/dv/berlinplus_/berlinplus_en.pdf.

17. European Union(1992) Treaty on European Union (Maastricht Treaty). Official Journal of the European Communities, C 191, July 29, 1992, 1–112. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=LEGISSUM:xy0026.

18. France24(2025). "EU Chief Unveils 800-Billion-Euro Plan to 'Rearm' Europe." France24, March 4, 2025. достапно на https://www.france24.com/en/live-news/20250304-eu-chief-unveils-800-billion-euro-plan-to-rearm-europe.

19. Lynes, Matt.(2024) "EU's Defence Push Puts Its Neutral Members in Tough Spot." The Parliament Magazine,достапно на https://www.theparliamentmagazine.eu/news/article/eus-defence-push-puts-its-neutral-members-in-tough-spot.

20. Максимовиќ,Марина. "Војната во Украина и европската интеграција." Deutsche Welle (DW), March 11, 2022. https://www.dw.com/mk/%D0%B2%D0%BE%D1%98%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D1%83%D0%BA%D1%80%D0%B0%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%B8-%D0%B5%D0%B2%D1%80%D0%BE%D0%BF%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B5%D0%BC%D0%B0-%D0%B1%D1%80%D0%B7-%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%BA-%D0%B7%D0%B0-%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%BA%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D1%82/a-61087710.

21. Министерство за одбран ана Кралството Данска (2025) Denmark and the EU. Copenhagen: Ministry of Defence достапно на https://www.fmn.dk/en/topics/international-cooperation/eu/.